# ЗАПИСНИК
**од 39-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 06.10.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 39-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:10 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.09.2022 година.
2. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот ВИНСАТ КАБЕЛ од Виница за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот КАБЕЛ од Струмица за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот КАНАЛ 16 од Ресен за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот НЕОТЕЛ ДОО од Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот СИГНАЛ-НЕТ од Куманово за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
7. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот СПАЈДЕР-НЕТ од Гевгелија за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
8. Предлог за покренување прекршочна постапка против операторот АЛТРА - САТ 2000 од Охрид за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
9. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.09.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точки 2, 3, 4, 5, 6 и 7**

Г-дин Трајчевски во врска со Точките 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од Дневниот ред предложи да се образложат во еден заеднички вовед бидејќи се однесуваат за истото прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Информира дека во еден од Извештаите за надзор поточно во Извештајот од Точка 5 при изработка на материјалот е направена техничка грешка со тоа што е додаден е еден програмски сервис повеќе од тие што се наведени. Оваа грешка е констатирана по доставување на материјалот до членовите на Советот и веднаш е направена корекцијата и на веб страницата на Агенцијата е поставен коригираниот Извештај од надзор на Друштвото за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз Скопје.

Г-дин Петрушевски рече дека истиот предлог сакал да го даде односно Точките 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од Дневниот ред да се образложат со еден заеднички вовед и дискусија а потоа да се гласа за секоја точка посебно.

Членовите на Советот немаа против овој предлог.

Г-дин Петрушевски рече дека при неофицијален разговор помеѓу членовите на Советот дошле до една принципиелна забелешка дека некој од Стручната служба кога се јавува за да образложи точка добро е да се приклучи и со камера односно да биде со видео и аудио конекција.

Раководителката на Секторот за Стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ги образложи предлозите за изрекување мерка јавна опомена за Трговското друштво кабелска телевизија ВИНСАТ КАБЕЛ ДОО Виница, Трговското радиодифузно друштво КАБЕЛ ДОО Струмица, Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабловска мрежа КАНАЛ 16 ДОО Ресен, Друштвото за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз Скопје, Друштвото за производство, трговија и услуги СИГНАЛ-НЕТ ДОО Куманово и Друштвото за производство трговија и услуги СПАЈДЕР-НЕТ увоз-извоз ДООЕЛ Гевгелија. Објасни дека на 30 септември оваа година истече регистрацијата на програмските сервиси што операторите ги реемитуваат врз основа на договор што го склучуваат со имателите на правата преку ЗАМП. Првиот работен ден, тоа беше 3 октомври, секторот направи вкупно 20 надзори на 20 оператори при што се констатира дека 7 од нив кои се сега на Дневен ред, и покрај тоа што е истечена регистрацијата продолжиле со реемитување на овие програмски сервиси кои се наведени во писмените извештаи на конкретниот оператор. Во меѓувреме регулирани се правата и се регистрираа програмските сервиси во Агенцијата, но прекршокот останува и затоа се предлага да се изрече мерка јавна опомена.

Г-дин Фиданоски рече ако добро разбрал од образложението, во меѓувреме операторите ги регулирале правата за реемитување на наведените програмски сервиси. Праша дали тоа значи дека по контролниот надзор гледачите нема да бидат ускратени за програмите во пакетот кој го плаќаат?

Раководителката Давидовска Довлева информира дека до овој момент се склучени договори со 16 или 17 оператори и не сите имаат доставено пријава за регистрирање на програмски сервиси. Но, за оние програмски сервиси кои се регулирани правата веднаш може да ги емитуваат. Тоа што е важно е дека генералниот лиценцен договор е склучен и дека секој оператор кој што сака може да поднесе пријава во Агенцијата, да добие потврда и веднаш да продолжи со реемитување. Најголем дел од операторите тоа и го направија.

Г-дин Фиданоски рече дека му е појасно и дека прашањето му било конкретно за овие оператори кои се на дневен ред.

***<u>Гласање по Точка 2</u>***

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор, бр.11-3670/1 од 04.10.2022 година и едногласно заклучи на Трговското друштво кабелска телевизија ВИНСАТ КАБЕЛ ДОО Виница да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Трговското друштво кабелска телевизија ВИНСАТ КАБЕЛ ДОО Виница, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на подрачјето на Република Северна Македонија, за своите корисници ги реемитува програмските сервиси „HRT 1“, „HRT 3“, „HRT 4“, „Slovenia 1“„Slovenia 2“ и „ Slovenia 3“ кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

***<u>Гласање по Точка 3</u>***

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор, бр.11-3672/1 од 04.10.2022 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво КАБЕЛ ДОО Струмица да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Трговското радиодифузно друштво КАБЕЛ ДОО Струмица, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на подрачјето на Општина Валандово, за своите корисници ги

реемитува програмските сервиси „Rai Uno“, „Sat 1“ и „RTL II“, кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

***<u>Гласање по Точка 4</u>***

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-3674/1 од 04.10.2022 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабловска мрежа КАНАЛ 16 ДОО Ресен да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабловска мрежа КАНАЛ 16 ДОО Ресен, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на подрачјето на Република Северна Македонија, за своите корисници на 3 октомври ги реемитувал програмските сервиси „HRT 3“, „RTCG Sat“ и „Balkanika“ кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

***<u>Гласање по Точка 5</u>***

Советот на Агенцијата го разгледа коригираниот Писмен извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-3675/3 од 05.10.2022 година и едногласно заклучи на Друштвото за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирани дека Друштво за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз Скопје, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на подрачјето на Република Северна Македонија, за своите корисници ги реемитува програмските сервиси „HRT 1"„HRT 3", „HRT 4", „RTL", „SAT 1", „TVE", „Rai Uno", „Rai Due", „Arte" „Film Box Extra" и „TRT Turk" кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

***Гласање по Точка 6***

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор, бр.11-3671/1 од 04.10.2022 година и едногласно заклучи на Друштвото за производство, трговија и услуги СИГНАЛ-НЕТ ДОО Куманово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирани дека Друштвото за производство, трговија и услуги СИГНАЛ-НЕТ ДОО Куманово, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на подрачјето на Република Северна Македонија, за своите корисници ги реемитува програмските сервиси „RTL", „RTL II", „HRT 3", „VOX" „Super RTL" и „TRT Turk" кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

***Гласање по Точка 7***

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-3673/1 од 04.10.2022 година и едногласно заклучи на Друштвото за производство трговија и услуги СПАЈДЕР-НЕТ увоз-извоз ДООЕЛ Гевгелија да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и

во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по Решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирани дека Друштвото за производство трговија и услуги СПАЈДЕР-НЕТ увоз-извоз ДООЕЛ Гевгелија, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на подрачјето на општина Гевгелија и Богданци, за своите корисници на 2 октомври ги реемитувал програмските сервиси „Slovenia 2", „ERT World", „RAI Uno", „HRT 1" „HRT 3", „RTCG Sat" и „TRT Turk" кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

Раководителката на Секторот за Стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлогот за покренување прекршочна постапка против операторот АЛТРА – САТ 2000 од Охрид за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека станува збор за истата група на програмски сервиси. Тој реемитувал вкупно 13 нерегистрирани програмски сервиси. Со редовниот надзор што го направиле во март 2022 исто така е констатирано дека реемитувал нерегистрирани програмски сервиси. Со вонредниот надзор се констатира дека овој оператор продолжува со истото прекршување на член 141 од ЗААВМУ во истата година. Согласно Законот се предлага да се поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд.

Г-дин Петрушевски рече дека во овој случај е јасно бидејќи има повторување на прекршувањето. Праша дали во периодот од март до октомври 2022 година постојат сомневања дека операторот го правел ова прекршување или сега е тешко тоа да се каже?

Г-дин Трајчевски објасни дека сега го нема Извештајот од март пред себе, но овие програмски сервиси за кои што сега му се изрекува прекршочна пријава се сигурно различни од тие во март, бидејќи тогаш договорот за авторски права не бил истечен, истече на 30 септември. Но, бидејќи станува збор за исто прекршување, реемитува програмски сервиси без регулирани авторски права затоа му се изрекува прекршочна пријава, го повторува истиот прекршок. Во меѓувреме ако се правени надзори и ако го прекршувал Законот сигурно дека ќе имало предлози за покренување прекршочна постапка.

Г-дин Петрушевски рече го радува тоа што не се оправдани неговите сомневања. Се предлага покренување прекршочна постапка затоа што го повторува делото во иста година.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-3676/1 од 04.10.2022 година на Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА - САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, и утврди прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА - САТ 2000 ДООЕЛ Охрид да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека наведениот оператор кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на подрачјето на општина Охрид, за своите корисници ги реемитува програмските сервиси „RTL", „RTL II", „Super RTL", „VOX", „Rai Uno", „Rai Due", „HRT 1", „HRT 3", „HRT 4", „Slovenia 1", „RTCG Sat", „Sat 1" и „PRO Sieben", кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор.

**Точка 9**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр. 02-3699/9**

**21.10. 2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**